PHILIPS

Звучник за забави

Серија 1000

NX100



# Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на
www.philips.com/support

# Содржина


1 **Важно** 2
Безбедност 2

2 **Вашиот мини хај-фај систем** 4
Вовед 4
Што има во кутијата 4
Преглед на главната единица 5
Основна репродукција 7

3 **Почетни чекори** 9
Поврзување 9
Поврзување со напојување 10
Вклучување 10

4 **Репродукција од УСБ** 11
Репродуцирање од УСБ-мемориски уред 11
Контрола на репродукција 11

5 **Репродуцирање аудио преку Bluetooth** 12
Поврзување на уред 12
Репродуцирање од Bluetooth уред 12
Исклучување уред 13

6 **Прилагодување звук** 14
Прилагодување на јачина на звук 14
Збогатување бас 14

7 **Други карактеристики** 15
Слушање на надворешен уред 15
Вклучување или исклучување на декоративно светло 15

8 **Информации за производот** 16
Спецификации 16
Информации за репродукција на УСБ-уреди 17
Поддржани MP3 формати 17
Одржување 17

9 **Решавање проблеми** 18
За Bluetooth уредот 18

10 **Известување** 19
Усогласеност 19
Грижа за животната средина 19
Известување за заштитен знак 20

# 1 Важно

## Безбедност

### Знајте ги овие безбедносни симболи




Оваа „молња“ укажува дека неизолиран материјал во вашата единица може да предизвика струен удар За безбедноста на секој во вашето домаќинство, не вадете го капакот на производот.

„Извичникот“ повикува на внимание за карактеристики за кои треба да ја прочитате непосредно приложената литература за да спречите проблеми со работењето и одржувањето.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: за да се намали ризикот од пожар или струен удар, овој апарат не треба да се изложува на дожд или влага и предмети исполнети со течности како што се вази не треба да се ставаат на овој апарат.

ВНИМАНИЕ: за да се спречи струен удар, соодветно ставете ја широката игличка на приклучокот во широкиот отвор со ставање до крај.

**Предупредување**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на овој уред.
- Никогаш немојте да подмачкувате ниту еден дел од овој уред.
- Никогаш немојте да го поставувате овој уред над друга електрична опрема.
- Чувајте го уредот подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Никогаш не гледајте во ласерскиот зрак внатре во уредот.
- Уверете се дека секогаш имате лесен пристап до кабелот за електрично напојување, приклучокот или адаптерот за да го исклучите уредот од електрично напојување.

- Не употребувајте го апаратот во близина на вода.
- Инсталирајте во согласност со упатствата на производителот.
- Не инсталирајте во близина на никакви извори на топлина како радијатори, греалки, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувачи) што создаваат топлина.
- Заштитете го електричниот кабел од нагазување или продупчување, особено кај приклучоците, дополнителните приклучни места на приклучница и местото каде што истиот излегува од апаратот.
- Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.
- Користете само со количка, потпирач, троножец, алка или маса наведени од производителот или што се продаваат со апаратот. Кога се користи количка, внимавајте кога ја придвижувате комбинацијата количка/апарат да избегнете повреда од превртување.



- Исклучете го апаратот при грмотевици или кога не се користи долг временски период.
- За секакво сервисирање ангажирајте квалификуван сервисен персонал. Сервисирање е потребно кога апаратот е оштетен на било кој начин, кога електричниот кабел или приклучокот се оштетени, истурена е течност или предмети паднале во апаратот, апаратот бил изложен на дожд или влага, не работи нормално или паднал.
- ВНИМАНИЕ при користење батерии - за да спречите истекување на батериите што може да доведе до телесна повреда, штета на имот или штета на далечинскиот управувач:
    - Инсталирајте ги сите батерии правилно, + и - како што е означено на далечинскиот управувач.

    - Не мешајте батерии (стари и нови или карбонски и алкални и сл.).
    - Извадете ја батеријата кога далечинскиот управувач не се користи долго време.
- Батеријата не треба да се изложува на претерана топлина како сончева светлина, оган или сл.
- Апаратот не треба да биде изложен на капење или прскање.
- Не ставајте никакви извори на опасност на апаратот (на пр., предмети наполнети со течност, запалени свеќи).
- Таму каде што електричниот кабел или приклучок на апаратот се користи како уред за исклучување, уредот за исклучување треба да остане лесно пристапен и употреблив.

**! Внимание**

- Употребата на контроли или прилагодувања или извршување на постапки поинакви од именуваните може да доведат до штетно изложување на ласер или други небезбедни операции.

## Заштита на слух



**Слушајте со умерена јачина на звук.**

- Користењето слушалки со голема јачина на звук може да го оштети вашиот слух. Овој производ може да создаде звуци со јачина на децибели која може да предизвикаат загуба на слух за обичен човек, дури и ако изложувањето е помалку од минута.Поголемите јачини на децибели се нудат за оние кои можеби веќе имаат доживеано загуба на слух.
- Звукот може да биде измамувачки. Со текот на време вашето „удобно ниво" за слушање се прилагодува на повисоки јачини на звук. Така по продолжено слушање, она што звучи „нормално" може всушност да биде гласно и штетно за вашиот слух. За да се заштитите од ова, поставете ја јачината на звук на безбедно ниво пред слухот да ви се навикне и оставете ја на тоа ниво.

**За воспоставување безбедно ниво на јачина на звук:**

- Поставете ја контролата на јачина на звук на ниска поставка.
- Бавно зголемувајте го звукот додека не можете да го слушнете квалитетно и чисто, без дисторзија.

**Слушајте во разумно времетраење:**

- Продолженото изложување на звук дури и на вообичаено „безбедни" нивоа, исто така може да предизвика загуба на слух.
- Осигурете се дека разумно ја користите опремата и земајте соодветни паузи.

**Уверете се дека ги почитувате следните упатства кога ги користите слушалките.**

- Слушајте на разумни јачини на звук, во разумно времетраење.
- Внимавајте да не ја прилагодувате јачината на звук како што ќе ви се прилагодува слухот.
- Не пуштајте ја јачината на звук толку силно за да не можете да слушате што се случува околу вас.
- Треба да користите внимателно или повремено да го прекинувате користењето во потенцијално опасни ситуации.

**Напомена**

- Овој вид плоча се наоѓа на задната страна од единицата.

# 2 Вашиот мини хај-фај систем

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.Philips.com/welcome.

## Вовед

**Со овој производ, вие ќе можете да**

- уживате во аудио од УСБ-мемориски уреди, уреди со овозможен Bluetooth или други надворешни уреди;

**За збогатување на звук, овој производ ви ги нуди овие звучни ефекти:**

- Динамично засилување на бас (DBB)

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:

- Главна единица x 1
- Печатени материјали
- Кабел за наизменична струја x 1

# Преглед на главната единица

## ГОРНА ТАБЛА:




1. ПРИКЛУЧОК MIC1 IN
2. ПРИКЛУЧОК MIC2 IN
3. КОПЧЕ ЗА ЈАЧИНА НА ЗВУК НА МІС1
4. КОПЧЕ ЗА ЈАЧИНА НА ЗВУК НА МІС2
5. РЕГУЛАТОР НА ЈАЧИНА НА ВОКАЛ
6. МЕНУВАЧ НА ГЛАС
7. DBB
8. ИНДИКАТОР ЗА НИВО НА БАТЕРИЈА
9. ПОДГОТВЕНОСТ (црвен индикатор) ПРЕГЛЕД НА НИВО НА БАТЕРИЈА
10. ПРЕТХОДНА
11. ЈАЧИНА НА ЗВУК-
12. BLUETOOTH (син индикатор)
13. РЕПРОДУКЦИЈА/ПАУЗА
14. СЛЕДНА
15. ЈАЧИНА НА ЗВУК+
16. СВЕТЛО
17. ЈАЧИНА НА ЗВУК НА ГИТАРА
18. ЕХО
19. ОТВОР ЗА УСБ
20. LINE OUT
21. LINE IN
22. ВЛЕЗ ЗА ГИТАРА

# Преглед на главната единица

## ЗАДНА ТАБЛА:




1. **ПРИКЛУЧОК ЗА НАИЗМЕНИЧНА СТРУЈА**

# Основна репродукција

## РАБОТЕЊЕ СО ФУНКЦИИТЕ НА ГОРНАТА ТАБЛА

POWER ON/OFF

- Притиснете и задржете 3 секунди да ја вклучите/исклучите единицата Притиснете да го видите тековното ниво на батерија во статус вклучено.

VOCAL FADER

- Притиснете неколку пати едноподруго да префрлате помеѓу VOCAL ON и VOCALOFF.

DBB

- Притиснете неколку пати едноподруго да префрлате на различен DBB ефект помеѓу DBB1/ DBB2/ DBB OFF.

- Притиснете да влезете во bluetooth режим.
- Притиснете и задржете да исклучите bluetooth поврзување.

VOICE CHANGER

- Притиснете неколку пати едноподруго да смените различен тон на глас помеѓу глас1/глас2/глас3/исклучен глас.

LIGHT

- Притиснете неколку пати едноподруго да префрлате помеѓу различни режими за осветлување на светлото на LED индикаторот на звучникот Притиснете и задржете да вклучувате/исклучувате строб светло.

- Притиснете за времено да паузирате репродукција; притиснете повторно да продолжи репродукцијата.

- Притиснете да прескокнете на следната нумера.

- Притиснете да се вратите на претходната нумера.

- Притиснете [VOLUME+] да ја зголемите јачината на звук.

- Притиснете [VOLUME-] да ја намалите јачината на звук.

MIC VOL

- Јачината на звук што се користи за караоке или за известувања може да се прилагоди преку копчето за јачина на звук на микрофонот.

MIC ECHO

- Ехо јачината на звук на микрофонот што се користи за караоке или за известувања може да се прилагоди преку копчето за јачина на звук на ехо на микрофонот.

GUITAR VOL

- Јачината на звук на вашата поврзана гитара може да се контролира со контролното копче за јачина на звук на гитара на горната табла.

MIC IN1/2

- Надворешен микрофон може да биде поврзан преку стерео приклучок за микрофон за пеење караоке и за известувања.

GUITAR SOCKET

- Приклучокот за гитара на горната табла се користи за поврзување гитара.

USB SLOT

- УСБ-мемориските уреди може да се поврзат на УСБ на горната табла за MP3 музика.

# Основна репродукција

## РЕПРОДУКЦИЈА ОД МИКРОФОН

- Ставете еден микрофон во отворот за микрофон на горната табла и прилагодете на ниско ниво со користење на копчето за јачина на звук на микрофон на горната табла.
- Прилагодете ја јачината на звук на микрофонот и нивото на ехо на посакуваното ниво. Користете го копчето за јачина на звук на микрофонот на горната табла.

Сега, уживајте во пеењето караоке!

## ОПЕРАЦИЈА НА ПОЛНЕЊЕ

- Користете кабел за наизменична струја{вклучен}да го поврзете приклучокот за влез на наизменична струја на единицата со приклучницата за наизменична електрична струја. Подобро е да се вклучи единицата пред полнење за да се прикажува статусот на полнење на батеријата, Светлото на индикаторот за тековното полнење на единицата светка во текот на полнењето, кога единицата ќе се наполни светлото на индикаторот за полнење на единицата ќе свети постојано што укажува дека батеријата е целосно наполнета

Напомена: вградената батерија за полнење на единицата исто така може да се полни во состојба на исклучено и единицата не може да го прикажува статусот на полнење

## ПРОВЕРКА НА ТРАЕЊЕТО НА БАТЕРИЈАТА

- Звучникот е дизајниран со паметна функција за проверка на батеријата за вас да ви биде поедноставно.
- Притиснете го копчето за преглед на нивото на батерија за да се покаже тековното ниво на батеријата на LED индикаторот на единицата во режим вклучено додека единицата не се полни

4 LED БЕЛИ светилки светат=app. 100% полно
3 LED БЕЛИ светилки светат=app. 75% полно
2 LED БЕЛИ светилки светат=app. 50% полно
1 LED БЕЛА светилка свети=app. 25% полно (укажува дека е потребно полнење)

# 3 Почетни чекори

**Внимание**

- Употребата на контроли или прилагодувања или извршување на постапки поинакви од именуваните може да доведат до штетно изложување на ласер или други небезбедни операции.

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје едноподруго.

Доколку контактирате со Philips, од вас ќе се побара моделот и серискиот број на апаратот. Бројот на модел и серискиот број се на задниот дел од апаратот. Запишете ги броевите овде:

Број на модел________________________

Сериски број ________________________

## Поврзување

### LINE IN

Оваа единица има терминал за аудио влез. Може да внесете аналогни стерео аудио сигнали од дополнителни уреди како VCD, CD, VCR,MP3 плеер и сл.
Користете аудио кабел да го поврзете влезниот терминал **LINE IN** на горната табла од репродукторот, единицата автоматски ќе се префрли на режим LINE IN.

### Поврзување GUITAR IN

Може да поврзете гитара на овој звучник за забави директно преку приклучокот за вклучување гитара на горната табла.
Користете го 6,5 мм (1/4") конекторот за гитара за да поврзете во приклучокот GUITAR IN на горната табла, тогаш јачината на звук на поврзаната гитара може да се контролира со контролното копче за јачина на звук на гитара на горната табла.

# Поврзување со напојување

**Внимание**

- Ризик од оштетување на производот! Напонот на струјата мора да биде соодветен со напонот отпечатен на задната или долната страна на производот.
- Ризик од струен удар! Кога го исклучувате кабелот за напојување, секогаш влечете го приклучокот од приклучницата Никогаш не влечете го кабелот.

**Напомена**

- Пред поврзувањето во наизменично напојување, уверете се дека сте ги завршиле сите други поврзувања.

Поврзете го кабелот за наизменично напојување во приклучокот AC IN на задната табла на единицата.

Потоа вклучете го другиот крај од кабелот за наизменично напојување во приклучницата за напојување.





**Достапен е само приклучок за електричен кабел TANX100/77**



**Достапен е само приклучок за електричен кабел TANX100/37**



**Достапен е само приклучок за електричен кабел TANX100/10**

# Вклучување

Притиснете ⏻.

↳ Притиснете и задржете 3 секунди да се вклучи/исклучи единицата.

# 4 Репродукција од УСБ

## Репродуцирање од УСБ-меморискi уред

**Напомена**

- Уверете се дека УСБ-уредот има аудио содржини кои може да се репродуцираат во поддржаните формати.

1. Притиснете и задржете 3 секунди да ја вклучите единицата.
2. Ставете го УСБ-приклучокот на уредот во ⭠ приклучницата.
   Единицата автоматски се префрла на режим на УСБ репродукција.




3. Притиснете ⏮ / ⏭ да изберете аудио нумера.
   ↳ Репродукцијата започнува автоматски.

## Контрола на репродукција

Во УСБ режим, следете ги упатствата подолу да ја контролирате репродукцијата.

| Копче | Дејство |
|---|---|
| ⏮ / ⏭ | Притиснете да прескокнете на претходната или на следната нумера. |
| + / - | Зголемување/намалување јачина на звук. |
| ▶II | Притиснете за паузирање или продолжување на репродукција. |

# 5 Репродуцирање аудио преку Bluetooth

Производот може да пренесува музика од вашиот Bluetooth уред на системот преку Bluetooth.

## Поврзување на уред

**Напомена**

- Пред да го спарите уредот со овој производ, прочитајте го корисничкото упатство за компатибилност со Bluetooth.
- Производот може да меморира максимум до осум спарени уреди. Деветиот спарен уред ќе го замени првиот.
- Секоја пречка помеѓу овој производ и Bluetooth уред може да го намали оперативниот опсег. Чувајте го подалеку од други електронски уреди кои може да предизвикаат интерференција.
- Оперативниот опсег помеѓу овој производ и Bluetooth уредот е приближно 10 метри (30 стапки).

### Рачно поврзување на уредот

1 Притиснете го копчето ✱ да изберете режим bluetooth.

2 На вашиот Bluetooth уред, овозможете Bluetooth и пребарајте за Bluetooth уреди што може да бидат спарени (видете го корисничкото упатство за уредот).

3 Изберете [**PHILIPS TANX100**] што е прикажано на вашиот уред за спарување.

↳ По успешното поврзување, индикаторот за bluetooth свети постојано.

## Репродуцирање од Bluetooth уред

По успешно Bluetooth поврзување, репродуцира аудио на Bluetooth уредот.

↳ Аудиото се пренесува од вашиот Bluetooth уред на производот.

## Исклучување уред

- Притиснете го и задржете го ✱ копчето три секунди;
- Оневозможување Bluetooth на вашиот уред;
- Преместете го уредот надвор од комуникацискиот опсег

**Напомена**

- Пред да поврзете друг Bluetooth уред, прво исклучете го тековниот уред.

# 6 Прилагоду-вање звук

## Прилагодување на јачина на звук

Во текот на репродукцијата притиснете **+ VOL -** да ја зголемите или намалите јачината на звук.

## Збогатување бас

Поставката динамично засилување бас (DBB) се генерира автоматски за секој избор на EQ. Можете рачно да изберете поставување DBB кое најдобро одговара на вашата околина за слушање.

- Во текот на репродукцијата, неколку пати притиснете **DBB** да изберете:
  - **DBB 1**
  - **DBB 2**
  - **DBB OFF**

# 7 Други карак-теристики

## Слушање на надворешен уред

Со овој производ, може да слушате на надворешен аудио уред како MP3 плеер.

### Репродукција од MP3 плеер

1 Притиснете и задржете 3 секунди да ја вклучите единицата.

2 Поврзете аудио влезен кабел (не е обезбеден) со 3,5 мм конектор на двата краја на:

- приклучокот **LINE IN** на производот.
- приклучокот за слушалки на MP3 плеерот.
- единицата автоматски се префрла во режим LINE IN.

3 Репродуцирање аудио на MP3 плеер (погледнете го неговото корисничко упатство).




## Вклучување или исклучување на декоративно светло

Во режим вклучено, притиснете **LIGHT** неколку пати да изберете боја на светло на звучникот или да го исклучите светлото:

Во режим вклучено, притиснете LIGHT неколку пати за да префрлате помеѓу различни режими на осветлување на светлото на LED индикаторот на звучникот.

Во режим вклучено, притиснете и задржете да го вклучите/исклучите строб светлото.

# 8 Информации за производот

## Спецификации

### Засилувач

| | |
|---|---|
| Излезна моќност на наизменична струја | Макс, мин 40 W |
| Излезна моќност на батерија | 15 W |
| Фреквенциски опсег | 40 Hz - 20 kHz; ± 3 dB |
| Однос сигнал-шум | ≥ 65 dBA |
| Вкупна хармонска дисторзија | < 1 % |

### Звучник

| | |
|---|---|
| Импеданса на звучник | 4 ома |
| Чувствителност | 87 ± 3 dB/m/W |

### УСБ

| | |
|---|---|
| Верзија на УСБ директ | 2.0 Целосна брзина |
| Поддршка за полнење | 5 V, 500 mA |

### Bluetooth

| | |
|---|---|
| Верзија на Bluetooth | V5.0 |
| Фреквенциски опсег на Bluetooth | 2,4 GHz ~ 2,48 GHz ISM опсег |
| Опсег на Bluetooth | 10 м (слободен простор) |

### Батерија

| | |
|---|---|
| Капацитет на батерија | Вградена што се полни 11,1 V 2200 mAh |

### Општи информации

| | |
|---|---|
| Наизменично напојување | 100-240 V~, 50/60 Hz |
| Потрошувачка на електрична енергија во Еко подготвеност | ≤ 0,5 W |

### Димензии

| | |
|---|---|
| - Главна единица (Ш x В x Д) | 268 x 385 x 285 мм |

### Тежина

| | |
|---|---|
| - Главна единица | 5,6 кг |

# Информации за репродукција на УСБ-уреди

**Компатибилни УСБ-уреди:**

- УСБ-меморискi уред (USB 2.0)
- УСБ-мемориски репродуктори (USB 2.0)
- мемориски картички (потребен е дополнителен читач на картички да работи со оваа единица)

**Поддржани формати:**

- УСБ или формат на мемориска датотека FAT12, FAT16, FAT32 (големина на сектор: 512 бајти)
- MP3 бит стапка (брзина на податоци): 32-320 Kbps и варијабилна бит стапка
- Директориум што содржи максимум 8 нивоа
- Број на албуми/ папки: максимум 99
- Број на нумери/наслови: максимум 999
- Име на датотека во Unicode UTF8 (максимална должина: 128 бајти)

**Неподдржани формати:**

- Празни албуми: празен албум е албум кој не содржи MP3 датотеки и нема да биде прикажан на екранот.
- Неподдржаните формати на датотеки се прескокнуваат. На пример, Word документи (.doc) или MP3 датотеки со екстензија .dlf се игнорирани и не се репродуцираат.
- AAC, WAV, PCM аудио датотеки
- WMA датотеки

# Поддржани MP3 формати

- Максимален број на наслови: 999 (во зависност од должината на името на датотеката)
- Максимален број на албуми: 64
- Поддржани фреквенции за семплирање: 32 kHz, 44,1 kHz, 48 kHz
- Поддржани битови стапки: 32-320 (kbps), варијабилни битови стапки

# Одржување

**Чистење на куќиштето**

- Користете мека крпа малку навлажнета во благ раствор на детергент. Не користете раствор што содржи алкохол, спирт, амонијак или абразиви.

# 9 Решавање проблеми

**! Внимание**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на оваа единица.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се да го поправате системот самите.

Ако се соочувате со проблеми кога го користите оваа единица, проверете ги следниве ставки пред да побарате сервис. Ако проблемот не се реши, одете на веб-страницата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе контактирате со Philips, уверете се дека единицата ви е во близина и бројот на модел и серискиот број се достапни.

### Нема напојување

- Уверете се дека приклучокот за наизменично електрично напојување на единицата е правилно поврзан.
- Уверете се дека има електрична енергија во приклучницата за електрично напојување.
- За да заштеди електрична енергија, единицата автоматски се префрла во подготвеност 15 минути откако репродуцирањето ќе дојде до крајот и не се извршува друга операција.

### Нема звук или звукот е слаб

- Прилагодете ја јачината на звук.

### Нема одговор од единицата

- Исклучете го и повторно приклучете го приклучокот за наизменично електрично напојување, па повторно вклучете ја единицата.

### Не може да репродуцира некои датотеки на УСБ-уред

- Бројот на папки или датотеки на УСБ-уредот го надминал одреденото ограничување. Овој феномен не претставува дефект.
- Форматите на овие датотеки не се поддржани.

### УСБ-уредот не е поддржан

- УСБ-уредот не е компатибилен со единицата. Обидете се со друг.

## За Bluetooth уредот

### Аудио квалитетот е слаб по поврзувањето со уред со овозможен Bluetooth.

- Bluetooth приемот е слаб. Приближете го уредот поблиску до производот или отстранете какви било пречки помеѓу нив.

### Не може да се поврзе со уредот.

- Функцијата Bluetooth на уредот не е овозможена. Погледнете го корисничкото упатство за уредот за тоа како да ја овозможите функцијата.
- Овој производ веќе е поврзан со друг уред со овозможен Bluetooth. Исклучете го уредот и потоа обидете се повторно.

### Спарениот уред постојано се поврзува и исклучува.

- Bluetooth приемот е слаб. Приближете го уредот поблиску до производот или отстранете какви било пречки помеѓу нив.
- За некои уреди, Bluetooth поврзувањето може да се деактивира автоматски како карактеристика за заштеда на енергија. Ова не укажува на никаков дефект на производот.

# 10 Известување

Сите промени или измени направени на овој уред што не се изрично дозволени од **MMD Hong Kong Holding Limited** може да го поништат овластувањето на корисникот да работи со опремата.

## Усогласеност

Со ова, **MMD Hong Kong Holding Limited** изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата **2014/53/EU**. Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

## Грижа за животната средина

**Фрлање на вашиот стар производ и батерија**

Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.

Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива 2013/56/EU кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството.

Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

**Вадење на батериите за фрлање**

Да ги извадите батериите за фрлање, видете го делот инсталирање на батерија.

**Информации за животната средина**

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена)

Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

# Известување за заштитен знак

Bluetooth®

Логотипот и логото Bluetooth® се регистрирани трговски заштитни марки во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на таквите ознаки од **MMD Hong Kong Holding Limited** е лиценцирана. Други заштитни знаци и трговски имиња се оние на нивните соодветни сопственици.

Ова е апарат од Класа II со двојна изолација и без обезбедено заштитно заземјување.

Бидете одговорни
Почитувајте ги
авторските права

Правење на неовластени копии на материјали заштитени од копирање, вклучувајќи компјутерски програми, датотеки, емитувани програми и звучни записиможе да биде прекршок на авторските права и да претставува кривичен прекршок. Оваа опрема не треба да се користи за такви цели.

Спецификациите се предмет на промена без известување.

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитни знаци на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited, или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.

TANX100_37/77_UM_V1.0